Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" бр. 10/97, 54/97 и 13/2001), Владата на Република Македонија, издава

## ЛИЦЕНЦА
## ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ

1. Лиценцата за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб се издава на Т.Д. "Хрономеркур" и Робев и други ДОО експорт-импорт Скопје, за време од 6 (шест) години.

2. Приредувањето на посебните игри на среќа во автомат клуб, ќе се врши во автомат клубот што се наоѓа на ул. "Јане Сандански" бр. 16 во Неготино.

3. Во автомат клубот, корисникот на лиценцата за приредување на посебните игри на среќа, ќе постави 15 автомати за игри на среќа.

4. Корисникот на лиценцата е должен да плати надоместок за лиценцата кој изнесува 52.000 евра, во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата и тоа:

- 50% од износот, 26.000 евра, денарска противвредност да уплати на денот на доделувањето на лиценцата; и

- остатокот од 50% во еднакви годишни рати, најдоцна до 30 јануари во тековната година за секоја година додека трае лиценцата, во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата.

Уплатата на средствата од точка 3 алинеја 1 и 2 се вршат во Буџетот на Република Македонија на сметка бр. 40100-840-033-62207.

Потврдата за уплатениот износ од точка 3 алинеја 1 корисникот на лиценцата ја доставува до Министерството за финансии.

Корисникот на лиценцата ги доставува до Министерството за финансии и потврдите за уплатените годишни рати, од точката 3 алинеја 2.

5. Лиценцата корисникот не може да ја пренесе.

6. Секоја промена во врска со приредувањето на играта на среќа корисникот на лиценцата ја пријавува во Министерството за финансии.

Корисникот на лиценцата должен е да го извести Министерството за финансии и за секоја промена на лицата сопственици на акциите односно уделите во основната главница на друштвото.

7. Доколку од страна на корисникот на лиценцата не биде платен надоместокот за плаќање на лиценцата од точка 3 алинеја 1 и 2, лиценцата се одзема.

8. Корисникот на лиценцата со право на приредување на играта на среќа за која е издадена лиценцата, се стекнува по уплатата на првиот дел од надоместокот за плаќање на лиценцата утврден во точка 3 алинеја 1.

9. Оваа лиценца се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4691/11
6 ноември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**1586.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 7 ноември 2001 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се укинува Законот за јавно информирање ("Службен весник на СРМ" бр. 20/74).

2. Оваа одлука произведува правно дејство по денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по поднесена иницијатива на Панче Докузов од Штип, со Решение У.бр. 134/2000 од 19 септември 2001 година, поведе постапка за оценување уставноста на Законот означен во точката 1 на оваа одлука затоа што пред Судот се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека според оспорениот закон основна цел на јавното информирање во Социјалистичка Република Македонија е афирмирањето, јакнењето на социјалистичките самоуправни односи и непосредната социјалистичка демократија, рамноправноста, солидарноста и братството и единството на југословенските народи и народности, како и меѓународната соработка врз начелата на миролубивоста и творечката коегзистенција.

Според член 2 од Законот, со овој закон се утврдува начинот за остварување на уставните начела на јавното информирање, правата и должностите и меѓусебните односи на субјектите во системот на јавно информирање, условите и начинот на остварување на правото на информирање, положбата на средствата за информирање во системот на самоуправни социјалистички општествени односи и други односи во областа на информирањето.

Членот 4 од Законот предвидува дека заради остварување на самоуправните и други демократски права на работните луѓе и граѓаните им се гарантира слобода на информирањето и право на објективно, навремено, вистинито и потполно информирање за настаните и појавите во сите области на животот во Социјалистичка Република Македонија, во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и во светот, а според член 5 од Законот, средствата за јавно информирање се должни објективно, вистинито и навремено да ја известуваат јавноста, да им даваат на работните луѓе и граѓаните информации за сите прашања од значење за остварување на нивните самоуправни права.

Во член 6 од Законот е утврдено дека јавното информирање е дејност од посебен општествен интерес, а според ставот 2 на овој член, кај организациите на здружен труд и кај другите организации што се занимаваат со јавно информирање, во управувањето со работите што се во врска со јавното информирање учествуваат и претставници на општествената заедница во согласност со овој закон.

Во членот 7 од Законот е уредено прашањето за правото на јавен одговор, а во овој контекст е за одбележување дека со општ самоуправен акт на организацијата на која и е упатено барање за јавен одговор, се определуваат поблиските услови под кои се објавува јавниот одговор.

Во членот 8 е утврдено дека јавното информирање во Социјалистичка Република Македонија е составен дел на единствениот систем на јавно информирање во Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Во овој член е предвидена обврска Републиката да се грижи за остварување на слободата на информациите и на правото на информирање на работните луѓе и граѓаните и на правните лица, како и дека Републиката создава услови за остварување на принципите за слободна меѓународна размена на информации.

Во членот 9 е утврдена обврска Републиката да се грижи, да го поттикнува и да го помага информирањето на македонците во странство и да се грижи за информирањето на граѓаните од СР Македонија што се на привремена работа во странство, а во членот 10 е утврдена обврска општините и Републиката да се грижат за развојот на општествените средства за јавно информирање на јазиците на народностите и на етничките групи.

Оспорениот закон ги дефинира информациите во смисла на овој закон, ги уредува односите, правата и должностите на органите на општествено-политичките заедници и основачите спрема организациите што се занимаваат со објавување и ширење на информации, ги уредува правата на граѓаните, организациите на здружениот труд, општествено-политичките организации и други организации и здруженија на граѓани, општините, Републиката да бараат во средствата за јавно информирање да се објават нивни информации, го уредува прашањето за начинот на давање на информации, достапноста до изворите на информации, пропишува обврски за новинарите и другите лица што се занимаваат со информирање, меѓудругото, да придонесуваат за остварувањето на самоуправувањето и на човековите права и слободи, да придонесуваат за јакнењето на развивањето на социјалистичките самоуправни односи, јакнењето на рамноправноста, братството и единството на народите и народностите во СР Македонија и во СФРЈ, како и да придонесуваат за независноста и афирмирањето и јакнењето на независноста и неврзаната политика на нашата земја, прашањето за ускратување на давање информации и ги утврдува случаите кога не е дозволено објавување и ширење информации (Глава прва - Основни одредби од член 11 до член 22 од Законот).

Во глава втора на Законот со наслов "Печат" е дефинирано што се подразбира како печат во смисла на овој закон (член 23), издавањето и растурањето на печатот (член 24 до член 30), што се подразбира под новинска дејност (издавањето, уредувањето, умножувањето и растурање на весниците - член 31), основачите на новинските организации (член 34), содржината на основачкиот акт (член 36), односите помеѓу новинската организација и организациите на здружен труд што се занимаваат со новинска дејност - дека на самоуправната спогодба за здружување и на статутот дава согласност собранието на општината по претходно мислење на основачот, односно основачот (член 37, 38 и 39). Понатаму, со одредбите на членовите 40, 41, 42 е уредено прашањето за формирањето и составот на издавачкиот совет, а во членот 43 се определени надлежностите на издавачкиот совет.

Според членот 44 од Законот работата на издавачкиот совет е јавна, а советот за својата работа одговара пред јавноста, пред основачот и пред новинската организација, односно издавачот на весникот.

Член 45 од Законот го уредува прашањето за одговорноста на директорот на новинската организација (е одговорен пред основачот и пред новинската организација за остварување на целите и задачите на новинската организација, програмската концепција и развојната политика утврдена со основачкиот акт, со самоуправната спогодба и со другите самоуправни општи акти, како и дека со статутот на организацијата поблиску се одредуваат правата и должностите на директорот).

Членовите 46 и 47 од Законот го уредуваат прашањето на главниот и одговорниот уредник, а членот 48 од Законот именувањето на директорот (го именува основачот по претходно мислење на органот на управувањето на новинската организација, а главниот и одговорен уредник по претходно мислење на редакцијата на весникот). Со овој член се утврдени и условите за именување на директорот и главниот одговорен уредник, меѓу другото, лицето да има југословенско државјанство, кое е идејно и политички определено за социјалистички општествени односи, за рамноправност на народите и народностите на Југославија, за независноста и неврзаната политика на Југославија.

Членовите 51, 52 и 53 ги определуваат условите кога група граѓани (најмалку 10) можат да издаваат весник и дека граѓаните што издаваат весник имаат обврска, најмалку еднаш во текот на годината да му поднесат извештај за реализацијата на програмската концепција на весникот што го издаваат на собранието на општината на чие подрачје се наоѓа седиштето на редакцијата, како и го уредува прашањето за нивната солидарна одговорност за обврските што настануваат од дејноста во врска со издавањето на весникот.

Во поднасловот на Законот "Регистар на весниците", во одредбите од член 54 до 64, се уредени прашања во врска со обврската на субјектите што имаат намера да издаваат весник, на Републичкиот секретаријат за информации, најдоцна во рок од 15 дена пред почетокот на издавање на весникот да му поднесат барање за запишување во регистарот, обврските на секретаријатот во врска со запишувањето, прашањето во врска со промените на издавачот на весникот, како и за пријавување на овој секретаријат, престанокот на весникот и продажбата на весниците.

Со одредбата на член 63, поместена во овој поднаслов од Законот, е предвидено дека финансиското и материјалното работење на новинската организација, односно на издавачот на весникот подлежат на контрола на јавноста и обврска новинската организација, односно издавачот на весникот еднаш годишно да ги објавува податоците за изворите на финансирање на весникот, висината на дотацијата, уделот на доходот од огласи во вкупниот приход, годишниот тираж и други податоци во врска со издавањето на весникот, а кои се значајни за јавноста.

Во поднасловот на Законот "Исправка" одредбите од член 65 до 82, се уредени правата на работните луѓе и граѓаните, организациите на здружениот труд, самоуправните интересни заедници, општествено-политичките и други организации и заедници, здруженијата на граѓани, органите на општините и Републиката, од главниот и одговорен уредник на весникот да бараат да ја објави нивната исправка за информацијата, ако со објавената информација се нанесува повреда на нивната чест, углед, права или интерес и ако се изнесуваат невистинити факти, обврските на главниот и одговорен уредник во врска со барањето за исправка како и правото на судска заштита во врска со барањето за објавување на исправката.

Судот утврди дека одредбите на Главата од Законот за "Радиодифузија" престанаа да важат со денот на влегување во сила на Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ" бр. 29/97).

Главата четврта од Законот се однесува на филмот односно на филмските новости и другите филмови што содржат информации за одделен настан, личност, предел, предмет, појава или дејност, на главниот и одговорниот уредник на филмските новости и правото на исправка за информациите објавени по пат на филмски новости и други филмови.

Според член 94 од Законот одредбите за печатот од овој закон соодветно се применуваат и на филмските организации на здружениот труд.

Главата петта од Законот ги уредува прашањата за злоупотреба на информирањето. При тоа, како злоупотреба на информирањето се дефинира објавувањето на информации со кои им се нанесува штета на честа, на угледот или правата на граѓаните или на општествената заедница и таквата злоупотреба повлекува одговорност.

Главата шеста од Законот се однесува на казнените одредби и се определени прекршоците за кои се изрекува казна.

5. Според член 16 став 1 од Уставот се гарантира слободата на јавното изразување на мислата, а според ставот 2, се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Според ставот 3 на овој член, се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации, а според ставот 4, се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Во ставот 5 на овој член е гарантирано правото на исправка во средствата за јавно информирање, а во ставот 6 се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. И според ставот 7 на членот 16 цензурата е забранета.

Според член 54 од Уставот слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Според ставот 2 на овој член слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот, а во ставот 4 на овој член е предвидено дека ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.

Од наведените уставни одредби, како и темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија и другите одредби од Уставот за слободите и правата во чија основа е човекот и граѓанинот со својата слобода и граѓански суверенитет произлегува дека Уставот слободите и правата на граѓанинот ги дефинира прецизно. Нивното ограничување е исто така прецизно утврдено со Уставот и не е допуштено нивно ограничување со закон. Во тој контекст јавното информирање, слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации, правото на одговор во средствата за јавно информирање, правото на исправка во средствата за јавно информирање, правото на заштита на изворите на информацијата во средствата за информирање, уставната забрана на цензура, како и слободното основање на институции за јавно информирање, не само што се основни човекови слободи и права туку и услов за остварување на сите други слободи и права на човекот како свесно човеково битие и како носител на општествено-политичките активности, право на човекот да биде известен за настаните во земјата и светот како и право да основа институции за јавно информирање кои ќе бидат во функција на развојот на слободата на печатот и другите средства за општење. Ваквото уставно уредување несомнено укажува на значењето на оваа дејност во општеството, односно државата заради нејзините широки можности за влијание врз јавното мислење и тековите на општествениот развиток и политичките активности во земјата, како и на политичката определба за полна слобода на дејствување и организирање.

Согласно наведените уставни одредби слободата на јавното информирање се реализира преку слободниот пристап кон информациите и слободата на примање и пренесување на информации од што произлегува дека не постои дозирање на информации преку давање, добивање или овозможување непосредно прибирање на информации, што значи дека Уставот гарантира неограничена достапност на информации што се остварува преку пренесувањето на информациите и нивната општа достапност до јавноста за да граѓанинот биде во тек со настаните.

Со уставната гаранција за слободно основање на институции за јавно информирање Уставот овозможува конкурентност и во јавното информирање што е од особено значење во плуралното општество - во услови кога политички партии издаваат свои весници и на независни весници и списанија кои не се партиски. Оваа конкурентност во печатените и другите видови на информирање (радиото и телевизијата) создава објективна можност за разновидни и спротивставени мислења што е од значење за формирање на јавното мислење и неговото влијание како на власта, така и на политичките субјекти, како и за определување на граѓаните при одлучувањето.

Од битно значење за остварување на слободата на јавното информирање е и уставната гаранција за забрана на цензурата, што по својата содржина значи дека ниедна информација, напис или вест, како ни целина на весник или било кое пишано издание или програма на радио или телевизијата не подлежат на претходен преглед или одобрување. Тоа е право на редакциите и одговорните уредници но и нивна одговорност, а рамката на слободата на печатот и на другите средства за информирање е уставниот поредок и неговата заштита. Имено, ова не треба да се сфати како апсолутна слобода без ограничување со интересот, безбедноста на државата, остварување на слободите и правата на другите и почитување на личниот и моралниот интегритет на човекот.

Исто така, од големо значење е уставната гаранција граѓаните преку средствата за печат и другите средства за јавно информирање да ги изразуваат нивните мислења, гаранцијата на правото на одговор и на исправка во средствата за јавно информирање.

Во контекст на кажаното треба да се има предвид и човековото право на слободно творештво утврдено во член 47 од Уставот кое всушност се потпира на правото на слобода на мислата и нејзиното јавно изразување.

Од означените одредби од оспорениот закон, како и од анализата на Законот во целина, а тргнувајќи од уставните гаранции за слободата на јавното информирање и правото на граѓаните на информирање, како имајќи го предвид фактот дека оспорениот закон е донесен во услови на федеративно уредена заедница, самоуправувањето како основа на тие општествени односи, концептот на здружен труд и други вредности на социјалистичкото самоуправно општество, што е спротивно на уставниот поредок на Републиката и дека информирањето се темели на сосема нови вредности и принципи ослободени од секакви идеолошки премиси, Судот оцени дека оспорениот закон содржи суштински и терминолошки неусогласености со Уставот.

Така, основните одредби од оспорениот закон покрај терминолошката неусогласеност го има за цел јавното информирање на Социјалистичка Република Македонија, јакнењето и развивањето на социјалистичките самоуправни односи и тоа како единствен систем на јавното информирање на Социјалистичка Република Југославија.

Според мислењето на Судот не е спорно дека со закон може да се пропишат услови за основање и работа на институциите за јавно информирање, но и при тоа треба дословно да се почитува принципот на еднаквост, односно секој под еднакви услови да може да основа вакви институции. Во таа смисла одредбите од Законот не се конзистентни со одредбите од Законот за трговските друштва, односно доколку се основаат како јавни претпријатија и со Законот за јавни претпријатија. Во овој контекст и односите помеѓу основачот на новинската организација и новинската организација, издавачкиот совет, главниот и одговорниот уредник и други прашања уредени со оспорениот закон се ограничување на слободата на информирањето и независното новинарство.

Во врска со основањето на новинските организации односно за нивното запишување во посебен регистар, при Секретаријатот за информации Судот смета дека таквиот начин на запишување не конзистира со единствениот судски регистар на трговските друштва и јавните претпријатија.

Понатаму, слободите и правата на човекот и граѓанинот во оваа сфера бара обезбедување услови за независно, плуралистичко новинарство но и одговорно новинарство кое ќе ги информира граѓаните за работата на државните органи и другите субјекти, а со цел градење нивно сопствено мислење за определена појава и општествени односи, да овозможи на граѓаните јавно да го изразуваат своето мислење, да ги подведува властите на критичко испитување. Поради тоа Судот смета дека новинарската работа треба да се заснова на професионален новинарски кодекс за навремено и точно информирање, да не се навлегува во приватноста (животот и семејството), клеветење, поттикнување омраза, насилство. При тоа, е нужно да се почитуваат и европските стандарди и меѓународните договори за слободата на информирањето.

Исто така, Судот смета дека Законот не ги задоволува уставните вредности за забрана на цензурата и правото на исправка како и не содржи инструментариум против невистинито, особено злонамерно информирање што го гарантира Уставот.

Со оглед на тоа што Законот во целина уредува односи во сферата на информирањето во друг општествен поредок Судот оцени дека, покрај институционалната и терминолошката неусогласеност со Уставот, постои и суштинска неусогласеност, односно не ги обезбедува уставните вредности за слободата на информирањето и правата и слободите на човекот за јавно информирање и слободното основање на институции за јавно информирање, поради што одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

При одлучувањето Судот ги имаше предвид и меѓународните документи. Имено, слободното изразување на мислата е предмет на уредување на повеќе меѓународни документи. Така, според членот 19 од Универзалната декларација за човековите права, секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите. Членот 19 од Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права предвидува дека никој не може да биде вознемируван поради своите мислења, а според ставот 2 на овој член секој има право на слобода на изразувањето. Ова право без оглед на границите, ја подразбира слободата на изнаоѓање, примање и ширење на информации и идеи од сите видови во усна, писмена, печатена или уметничка форма или на кој да е начин по слободен избор.

Членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права предвидува дека секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и пренесување на информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите.

Остварувањето на овие слободи, кое што вклучува обврски и одговорности, може да биде под определени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштита на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судењето.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

6. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Тодор Џунов и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими и д-р Јосиф Талевски.

У.бр. 134/2000
7 ноември 2001 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Тодор Џунов,** с.р.

## 1587.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 31 октомври 2001 година, донесе

### ОДЛУКА

1. Се укинуваат

а) член 1 од Одлуката за остварување право на плата по престанок на функцијата бр. 0701-83/1 од 18.12.2000 година, и

б) Одлуката за овластен потписник на жиро-сметката Совет на Општина Пехчево бр. 0701-80/1 од 18.12.2000 година, двете донесени од Советот на Општина Пехчево.

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, постапувајќи по иницијатива на Владата на Република Македонија, со решение У.бр. 44/2001 од 4 јули 2001 година поведе постапка за оценување на законитоста на актите означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со Законот за платите и другите надоместоци на пратениците на Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Република Македонија ("Службен весник на СРМ" бр. 36/90, 38/91 и 23/97), односно со Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 52/95).

4. Судот на седницата утврди дека со членот 1 од Одлуката означена во точката 1.а) од оваа одлука, Советот на Општина Пехчево го утврдува правото за остварување на плата по престанок на функцијата - градоначалник, за време од една година.

Со Одлуката означена во точката 1.б) од оваа одлука, за овластен потписник на жиро-сметка Совет на Општина Пехчево се определува Фаница Капушевска, претседавач на Советот на Општина Пехчево како единствен потписник.

5. Во однос на одлуката означена во точката 1 под а) од оваа одлука, Судот ги имаше предвид одредбите од Законот за плати и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката ("Службен весник на РМ" бр. 36/90, 38/91 и 23/97). Имено, согласно член 17-в од Законот како платени изборни функции во локалната самоуправа е определена само функцијата на градоначалникот на општината, со тоа што коефициентите за утврдување на платите на градоначалниците на општините се определени според бројот на жителите на општината.

При тоа, во ставот 5 од овој член е предвидено дека правата утврдени со овој закон им припаѓаат на градоначалниците од денот на нивниот избор до крајот на месецот во кој им престанал мандатот, ако со овој закон не е поинаку определено.

Судот утврди дека правото на плата и другите надоместоци на функцијата градоначалник како јавна функција е уредено со Законот за плати и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката. Тоа значи дека правата што припаѓаат по основ на плата и други надоместоци од вршење на функцијата градоначалник, како изборна функција, се уредени со овој закон, без можност единицата на локалната самоуправа со овој акт да ги уредува овие прашања на било кој начин.

Со оглед на тоа што со одредбата од членот 1 од Одлуката означена во точката 1.а) од оваа одлука Советот на Општина Пехчево на оригинерен начин со свој акт утврдил одредено право на градоначалникот, Судот оцени дека истата не е во согласност со Законот.

6. Во поглед на одлуката со која се определува претседавачот на Советот на Општината како единствен овластен потписник на жиро-сметката Совет на Општина, Судот ги имаше предвид одредбите на Законот за локална самоуправа кои се однесуваат на надлежностите, правата и должностите на градоначалникот на општината.

Имено, согласно членот 43 алинеја 8 од Законот за локалната самоуправа, градоначалникот управува со имотот во согласност со статут на единицата на локалната самоуправа.

Согласно член 43 алинеја 3 и 4 од Законот градоначалникот се грижи и го обезбедува извршувањето на одлуките на советот и се грижи за извршување на работите што со закон и се доверени на единицата на локалната самоуправа.

Согласно член 29 став 1 алинеја 2 од Законот за локалната самоуправа, Советот на единицата на локалната самоуправа донесува буџет на единицата и завршна сметка на буџетот. Оттука, неспорно е правото на Советот да го утврди буџетот како општ акт кој ги предвидува вкупните приходи и расходи на општината, но самото ефектурирање на овие средства, вклучувајќи ги оние наменски за потребите на Советот на општината е во надлежност на градоначалникот, како носител на извршната власт на локално ниво.

7. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

8. Во однос на точката 1.а), оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови, а во однос на точката 1.б), оваа одлука Судот ја донесе едногласно во состав од претседателот на Судот д-р Тодор Џунов и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, д-р Јован Проевски, Бесим Селими и д-р Јосиф Талевски.

У.бр. 44/2001
4 јули 2001 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија
д-р **Тодор Џунов,** с.р.

---

## *Огласен дел*

### ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 2990/2001, од 16.11.2001 година, во регистарската влошка бр. 02008505?-4-03-000, ја запиша во трговскиот регистар промената на управителот на Друштвото за производство на мелнички, пекарски и слаткарски производи, промет на големо и мало и увоз-извоз ЖИТО ЛУКС АД Скопје, ул."Васил Ѓоргов" бр. 11.

Се брише Симески Александар - Претседател на Управен одбор, генерален директор со неограничени овластувања.

Се запишува Димитриос Русос - Претседател на Управен одбор, генерален директор со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 2990/2001. (28857)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 3974/2001 од 20.11.2001 година, во регистарска влошка бр. 02043181?-4-09-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на Акционерското друштво на МТС Услуги на мобилна телефонија АД-Скопје, ул. "Маршал Тито" бр. 19, Скопје.

Друштвото е основано со статут донесен на ден 07.11.2001 год., а основач е: ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ НА ГРЦИЈА АД-Атина, Република Грција.

Дејности: 51.56, 51.64, 52.72/2, 63.40, 64.20, 72.60, 74.14, 74.84, 93.05, надворешна трговија со непрехранбени производи, застапување и посредување во прометот на стоки и услуги, неограничени овластувања, целосна одговорност.

Лица овластени за застапување во внатрешниот и надворешниот промет се: Теофилос Вамвакос - извршен директор, без ограничувања и Стаматиос Катсос - извршен директор, без ограничувања.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 3974/2001. (28541)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 743/2001 од 14.09.2001 г., во регистарска влошка бр. 03009159?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДООЕЛ на Друштвото за трговија, производство и услуги Младост увоз-извоз ДООЕЛ с. Иловица бр. 322, Босилово.

Дејности: 51.11, 51.12, 51.21, 51.13, 51.14, 51.15, 51.18, 51.19, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 52.11, 52.12, 52.21, 52.23, 52.24, 52.26, 52.27, 52.28, 52.41, 51.42/1, 51.45, 51.47, 51.51, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 52.50, 52.48, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 55.52, 60.21, 60.22, 60.24, 65.12/3, 74.84, 01.11/1, 01.11/2, 01.12/1, 01.12/2, 01.13/1, 01.23, 01.24, 01.25, 01.41, 01.42, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, малограничен промет со Грција и Бугарија, застапување странски фирми, комисиона продажба, реекспорт, меѓународна шпедиција.

Во правниот промет со трети лица Друштвото иступува во свое име и за своја сметка.

За обврските спрема трети лица Друштвото одговара со сиот свој имот.

Единствен содружник на друштвото е лицето Томе Зафиров од с. Иловица, бр. 322.

Управител и застапник на друштвото во надворешнотрговскиот промет е лицето Томе Зафиров од с. Иловица, бр. 322, со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Штип во Штип, Трег. бр. 743/2001. (25280)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 780/2001 од 19.09.2001 г., во регистарска влошка бр. 03009196?-3-06-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДООЕЛ на Друштвото за транспорт, трговија, услуги и производство ТИМ ХОЛДИНГ ДОО експорт-импорт, Штип, ул. "Партизанска" бр. 49/6.

Содружници: 1. Претпријатие за трговија и промет "ХЕМ-ПРОГРЕС" ДОО од Шабац, ул. "Карађорђева" бр. 20, СР Југославија - за обврските не одговара.

2. Друштво за производство, транспорт, услуги и трговија Саундерс ДООЕЛ увоз-извоз Штип, ул. "Астибо" бр. 11 - за обврските не одговара.

Дејности: 18.21, 18.22, 18.23, 18.24, 50.10, 50.20, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.50, 51.11, 51.12, 51.13, 51.14, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 51.21, 51.23, 51.24, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.51, 51.53, 51.54, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.12, 63.21, 63.30, 63.40, 65.12/3, 71.10, 71.21, 74.13, 74.14, 74.40, 74.84, 93.05, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, застапување на странски фирми, посредување и реекспорт, малограничен промет, комисиона продажба, консигнација, превоз на стоки во меѓународниот друмски сообраќај, превоз на патници во меѓународниот друмски сообраќај, меѓународна шпедиција.

Во правниот промет со трети лица Друштвото иступува во свое име и за своја сметка, а за обврските сторени во прометот со трети лица одговара со сите свои средства.

Коста Стојанов - управител со неограничени овластувања за застапување.

Од Основниот суд Штип во Штип, Трег. бр. 780/2001. (25281)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 792/2001 од 19.09.2001 г., во регистарска влошка бр. 03009208?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДООЕЛ на Трговското друштво за производство, трговија и услуги ДРАФИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Св. Николе, ул. "25 Мај" бр. 47.

Дејности: 20.51, 26.61, 26.66, 26.70, 26.81, 36.63, 45.43, 45.45, 51.22, 51.41, 51.53, 51.54, 51.56, 51.66, 51.70, 52.41, 52.42, 52.43, 52.48, 52.63, 92.31, 93.05.

Во правниот промет со трети лица Друштвото за производство, трговија и услуги ДРАФИЛ дооел увоз-извоз Св. Николе ул. "25 Мај" бр. 47 настапува во свое име и за своја сметка.

Друштвото во внатрешниот и надворешнотрговскиот промет го застапува Арсовски Филип - управител без ограничување.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица Друштвото одговара со сите свои средства.

Арсовски Филип - управител без ограничување.

Од Основниот суд Штип во Штип, Трег. бр. 792/2001. (25283)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 728/2001 од 14.09.2001 г., во регистарска влошка бр. 03009144?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДООЕЛ на Друштвото за производство, трговија и услуги Дуле 2001 ДООЕЛ Кочани, ул. "Ударничка" бр. 5.

Основач: Душко Митров од Кочани.

Дејности: 15.32, 15.51, 15.61, 15.81, 15.81/1, 15.81/2, 15.85, 15.86, 15.91, 15.98, 15.98/1, 15.98/2, 17.40, 17.40/1, 17.40/2, 18.21, 18.22, 18.23, 18.24, 19.30, 50.10, 50.30, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.50, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.36, 51.37, 51.38, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.51, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.64, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 52.73, 52.74, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи.

Во правниот промет со трети лица Друштвото настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица Друштвото одговара со сиот свој имот.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешниот трговски промет е Душан Митров управител со неограничени овластувања во застапувањето.

Од Основниот суд Штип во Штип, Трег. бр. 728/2001. (25284)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 729/2001 од 12.09.2001 г., во регистарска влошка бр. 03009145?-8-09-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДООЕЛ на Трговското радио дифузно друштво-оператор на кабелска мрежа Кабел-ви Зоран Трендов ДООЕЛ Виница, ул. "Партизанска" бб.

Основач: Зоран Трендов од Кочани.

Дејности: 64.20 телекомуникации-дистрибуција на радио и телевизиски програми преку кабелска мрежа.

Во правниот промет со трети лица Друштвото настапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица Друштвото одговара со сиот свој имот.

Лице овластено за застапување во внатрешниот трговски промет е Зоран Трендов управител со неограничени овластувања во застапувањето.

Од Основниот суд Штип во Штип, Трег. бр. 729/2001. (25285)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 760/2001 од 19.09.2001 г., во регистарска влошка бр. 03009176?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДООЕЛ на Друштвото за трговија, производство и услуги КРИС увоз-извоз ДООЕЛ ул. "Ленинова" бр. 120, Струмица.

Дејности: 50.30/2, 50.30/3, 50.40/1, 50.40/2, 51.11, 51.12, 51.13, 51.14, 51.15, 51.16, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.53, 51.54, 51.61, 51.62, 51.63, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.32, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, продажба на стоки на консигнациони складови, посредување.

Единствен содружник: Петар Хаџи Стојанов.

Управител на друштвото и застапник во надворешнотрговско работење е лицето Мечева Катерина.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица Друштвото одговара со целиот свој имот.

Од Основниот суд Штип во Штип, Трег. бр. 760/2001. (25286)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 751/2001 од 12.09.2001 г., во регистарска влошка бр. 03009167?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДООЕЛ на Друштвото за трговија и услуги ЕЛМАР КОМЕРЦ, ДООЕЛ увоз-извоз ул. "Енгелсова" бр. 8, Штип.

Единствен содружник на друштвото е: Димитрова Цона од Штип ул. "Гоце Делчев" бр. 45.

Дејности: 22.22, 22.23, 22.25, 50.10, 50.20, 50.30/1, 50.30/2, 50.40/1, 50.40/2, 50.50, 51.21, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.51, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.64, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 55.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.62, 52.63, 55.11, 55.12, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 65.12/3, 71.10, 74.40, 74.70, 74.84, 92.34, 92.62, 92.72, 93.01, 93.02, 93.05, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, меѓународна шпедиција, меѓународен транспорт на стоки и патници, продажба на стоки на консигнациони складишта, реекспорт.

Одговорност: Неограничени овластувања, потполна одговорност.

Зоран Илиев - управител на друштвото со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Штип во Штип, Трег. бр. 751/2001. (25287)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 758/2001 од 18.09.2001 г., во регистарска влошка бр. 03009174?-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДОО на Друштвото за производство, услуги и трговија Милена-2000 извоз-увоз ДООЕЛ с. Бориево бр. 154, Босилово.

Основач на друштвото е Ристо Јанев од с. Бориево бр. 154 Босилово. Седиштето на друштвото е во с. Бориево бр. 154 Босилово. Друштвото е основано на неопределено време.

Дејности на друштвото се: 01.11, 01.11/1, 01.11/2, 01.11/3, 01.11/4, 01.12, 01.12/1, 01.12/2, 01.13, 01.13/1, 01.13/2, 01.21, 01.22, 01.22/1, 01.22/2, 01.23, 01.24, 01.25, 20.10, 20.10/1, 20.10/2, 20.20, 20.30, 20.40, 51.11, 51.13, 51.15, 51.17, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.51, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48,

52.50, 52.61, 52.62, 52.63, 52.72, 52.72/1, 52.72/2, 52.74, 55.11, 55.12, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 55.51, 55.52, 60.22, 60.23, 60.24, 63.11, 63.12, 63.30, 63.40, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, малограничен промет со Бугарија, Грција и Албанија, реекспорт, меѓународна шпедиција, меѓународен транспорт на стоки и патници во меѓународниот сообраќај, услуги во меѓународниот транспорт на стоки и патници, вршење на работи во посредување во надворешното трговско работење.

Во правниот промет Друштвото истапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица одговара со целокупниот свој имот.

Управител на друштвото со неограничени овластувања е Ристо Јанев од с. Бориево бр. 154, Босилово.

Од Основниот суд Штип во Штип, Трег. бр. 758/2001. (25288)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 824/2001 од 28.09.2001 г., во регистарска влошка бр. 03009240?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДОО на Друштвото за производство, трговија и услуги Макагро ДОО увоз-извоз Штип, ул. "Коле Неделковски" бр. 6.

Во правниот промет со трети лица Друштвото за производство, трговија и услуги Макагро ДОО увоз-извоз Штип настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските одговара Друштвото со сите свои средства.

Друштвото во внатрешниот и надворешниот промет ќе го застапува лицето Тодоров Горан - управител со ограничување до 10.000,00 денари.

Основачи: Тошо Митевски од Штип и Влатко Панов од Штип.

Дејности: 01.11/1, 01.11/3, 01.13/2, 01.12/2, 01.21, 01.22/1, 01.23, 01.24, 01.25, 01.30, 15.13, 15.42, 15.51, 15.52, 15.61, 15.81, 15.81/1, 15.93, 15.98/2, 18.21, 18.22, 18.23, 18.30, 20.51, 25.22, 25.24, 50.10, 50.20, 50.30, 50.30/1, 50.30/2, 50.40/1, 50.40/2, 50.50, 51.11, 51.16, 51.21, 51.23, 51.24, 51.31, 51.34, 51.35, 51.39, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.45, 51.51, 51.53, 51.55, 51.57, 51.66, 51.70, 52.12, 51.11, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.45, 52.46, 52.48, 55.30/1, 55.40, 60.24, 60.21, 60.22, 60.23, 63.12, 63.30, 74.12, 74.81, 74.84, 93.05.

Од Основниот суд Штип во Штип, Трег. бр. 824/2001. (25289)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 706/2001 од 13.09.2001 г., во регистарска влошка бр. 03009122?-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДОО на Друштвото за производство, трговија и услуги АПРИОРИ ДОО, ул. "Вељко Влаховиќ" бр. 45, Кочани.

Основачи: Александра Иванова од Кочани и Надица Иванова од Кочани.

Седиште на друштвото: ул. "Вељко Влаховиќ" бр. 45, Кочани.

